[illegible]
Бр. 03 - 19
01. 09 20 15 год.
СКОПЈЕ

МРК Дијалог Скопје

ул. Орце Николов бр. 81 / 3-2

моб. 070 786 872

Предлог проект

**„МАКЕДОНИЈА ЧИСТА "**

Не е срамно да се биде сиромав, но, срамно е да се фрла ѓубре насекаде каде што ќе стигнат несовесни граѓани, а уште посрамно е тоа ѓубре никој да не го отстрани од дивите депонии кои веќе толку многу се намножија во Република Македонија. Дивите депонии навистина претставуваат грда слика која многу говори за психологијата на човекот како личност кои не изградиле однос кон природата или кон „другиот", меѓутоа, ваквата грда слика уште повеќе на товар му се припишува на оној кој треба да биде одговорен за решавањето на конкретниот проблем во државата.....

Толку многу напор за да се создаде убава Македонија, успешна, просперитетна која заслужува високо да котира на туристичките мапи, а ми се чини дека се паѓа во вода поради тоа ѓубре... **Ѓубрето е одраз,** феномен кој длабоко задира во целосната слика на една личност, психа, состојба, и тоа е прашање на кое сериозно треба да се посвети внимание. Луѓето се научени да живеат со ѓубрето, не им пречи, тоа е природниот амбиент на многумина, а таков поглед и на живот негуваат на сите нивоа. Таквиот

поглед на живот лесно се рефлектира и надвор во природата или околината, без нималку грижа кога ќе се фрли отпадокот „нема везе каде" , затоа што наводно немало канта за ѓубре или „ај сеа далеку е контејнерот", или „па, нема канта за ѓубре". А таквиот поглед на живот понатаму многу лесно станува и составен дел од целата личност, перцепција, заклучоци, однесување...

**-Граѓани:** Немаат грижа на совест дека и едно мало хартивче, фрлено, ја повредува природата или „другиот. Но, околностите на расфрлано ѓубре насекаде, немање соодветен институционален однос кон истото, го поткрепува ноншалантното однесувањето на луѓето- немање грижа на совест.
**-Надлежни & Ненадлежни:** „Не сме надлежни" & „Немаме доволно средства, возила, луѓе..."

Принцип на концентрични кругови:



Отпадокот е исто како и човекот. Каде и да се движи човекот и отпадокот се движи. И, каде и да е човекот, отпадокот навлегува во природата (суштината) по принципт на концентрични кругови, онолку многу и длабоко колку што човекот ќе го дозволи тоа.

Префрлањето изговор дека „не сме надлежни...“ - не смее да остане последниот збор. Надлежните имаат изговор дека нема доволно средства, или, ќе **подзамачка** ќе зачисти малку некаде и потоа можеби до година или по неколку години... Нема место за изговор, особено не за места како што се туристички места, Национални Паркови (понекогаш финансирани од други земји кои изразиле некаков пријателски поздрав и го уредиле Националниот Парк), сакрални локалитети, па и обична плажа.... Ќе забележите расфрлано ѓубре, полн контејнер неиспразнет очигледно долго време, скршени и обледени информациски табли и тоа од финансираниот проект од некоја прјателска држава која будно го следи секој чекор на Македонија на патот кон ЕУ.

**Ваков маргинализиран однос кон природата** и околината **на надлежните&ненадлежните ,** навистина не смее да се толерира, особено не, кога, сепак луѓе од Владата прават сериозни напори Република Македонија да стане интересна дестинација на туристичката мапа. А токму поради таквиот однос на ненадлежните и надлежните, **рефлексијата кај граѓаните е следната: многумина граѓани имаат ниска свест кога е ѓубрето во прашање , а уште повеќе комотно си се чувствуваат кога нивниот природен амбиент заокружен со ѓубре, ќе си го најдат и надвор, на излет, на планина, на плажа, на пат, покрај река.... Долж цела Македонија, уздуши - попреку.** Наспроти ваквите примери, има ретки случаеви , но, за жал ретки, луѓе кои отпадоците си ги ставаат во џеб, или, пак, носат кесиче во чанта, го собираат својот отпадок, а понекогаш и си го понесуваат до дома враќајки се од излет, пат, итн. ...

**Предлог идеи на „Дијалог“ кои можат да придонесат во решавањето на овој горлив проблем:**

**1.Формирање служба за грижа на хигиената на магистралните, регионалните и локалните патишта.** Доколку оваа служба веќе постои, можеби е пожелно да се ревидира нејзиното работење:

**2. Да се направи нова стратегија на работење, прераспоредување, пополнување на неисполнето работно време... или потези кои ќе создадат корисно освежување во стратегијата.**

**3. Да се спроведе едукација на вработените;**

**4. Да се чистат патиштата целосно и темелно, од крај до крај ( нема крај, кружно),** сразмерно поделено на работниците (на пример, 180 км поделено на 30 работници), барем осум пати месечно.

**5. Локациите/ одморалишта** на патот каде што се служи храна како што е Стража, Плетвар, Че-че-че, рибните крајпатни ресторани и сл., да бидат екстремно одговорни за хигиената во околината , речните корита во непосредна близина, ( како и во сопствените тоалети...). Овие ресторани, мораат **да имаат некаква обврска, секој ден без исклучок да го чистат теренот** и тоа **на секој саат**. Само на тој начин, со чиста околина, луѓето ќе започнат да внимаваат каде фрлаат отпадоци. А таков однос ќе изградуваат и кон себе и кон другите.

**6. Контејнери и канти за ѓубре**, или пак уште поедноставен и поприфатлив модел е **КЕСИ ЗА ЃУБРЕ. Масовно поставување на кеси за ѓубре (нека бидат сини, привлечни за око), насекаде по патиштата** каде што има и најмало место за одмор. Тоа е многу ефикасен едноствен метод, кесите да бидат едноставно залепени со селотејп трака или заврзани со коноп на дрвата или крајпатните огради ... На тој начин, нема да се кршат кантите ( луѓето избегнуваат да отвораат капаци од канти од хигиенски причини (за личните раце сите нешто се многу свесни!).

**7. Контрола која ќе изврши ревизија** за сработеното и која документирано со фотографии ќе ја приложува **до најрелевантвните луѓе во Владата** за резултатите на „Македонија чиста“.

**8. Да се постави наплатна рампа на влезот на туристичките и излетничките места, Национални Паркови** , како што се Охрид, Дојран, Преспа, Матка, Маврово, (и секаде каде што за Македонија претставува туристичко место, Национален Парк). Би било пожелно, на некои локации тоа да претставува наплатна рампа **за влез со возило** како што е влез во Охрид, Дојран, Преспа, Маврово, **но, некаде како што е Матка или други Национални Паркови, наплатување по лице**, затоа што тоа е Национален Парк со исклучителни историски и природни вредности , а не излетничко место за масовни излети на шарено ќебе, каде што се создава неконтролирано фрлање на отпад. Вообичаено таквите масовни излети во Националниот Парк Матка се сконцентрирани кај кајакарската патека и претставуваат грда слика за Националниот Парк и развојот на туризмот во културна рамка.
*Предлог, **наплатната рампа на Матка да биде на патот непосредно пред Мечкина Дупка** или слично , каде што не би можело да има диви и масовни влегувања на теренот.

Со овие финансиски средства може да се придонесе за одржување на хигиената на патиштата, Националните Паркови, излетничките места....

А, убави патишта и хигиената во државата се вистинската слика за убава држава пред која и непријателот замолчува.

Искрено

МРК ДИЈАЛОГ

Јасмина Бошевска